**Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**
27.10.2016 година
О Х Р И Д

Предмет: Соопштение

Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата Охрид, денеска во сите основни училишта во Охрид ја реализира кампањата **„Секој ден да е безбеден“.** Кампањата е реализирана во соработка со секторот за образование во локалната самоуправа и со сите основни училишта во градот.

Во рамките на кампањата, се слушна гласот на најмладите, тие испишаа многу едукативни пораки до возачите и до другите учесници во сообраќајот, повикаа на максимална внимателност при управувањето на моторните возила, моторциклите, побараа безбедно учество на пешаците при преминувањето на коловозите и укажаа на неопходноста од свесно и одговорно однесување на сите учесници во сообраќајот.

„СТОП, мојот живот е драгоцен, не разговарај на телефон кога возиш, не вози брзо, не вози под дејство на алкохол, вози внимателно-немам два животи, ве молиме почитувајте ги сообраќајните правила и прописи“, беа само дел од искрените детски пораки што денеска најмладите ги испишаа и ги поставија пред своите училишта и пред сообраќајниците околу училиштата.

Кампањата претставува уште еден обид повеќе за сообраќајна едукација пред се кај најмладите а преку нивните испишани транспаренти и пораки, едукација и на возрасните односно сите други учесници во сообраќајот. Кампањата треба да придонесе, најмладите да се стекнат со трајни сообраќајни безбедносни навики кои секојдневно ќе ги практикуваат во текот на целиот живот со што ќе се унапреди севкупната безбедноста на сообраќајот на патиштата. Оваа кампања има за цел и да го подигне нивото на безбедносна култура кај сите категории учесници во сообраќајот, да се подигне општото ниво на свест, совест и одговорност во сообраќајот.

Кампњатата на Републичкиот совет за безбедност се реализира и во сто други основни училишта во Република Македонија.

Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата-Охрид
П р е т с е д а т е л
м-р Стефан Димоски


ДЕТСКАТА ЉУБОВ НЕМА ГРАНИЦИ
COCUK SEVGISINI
SINIRI YOKTUR.
БИДИ СОВЕСЕН ВОЗАЧ !!!
VICDANLI SURUCU OL!!!


ДЕТСКИОТ ЖИВОТ НЕМА ЦЕНА
COCUK HAYATI
PAHA BICILMEZ!
ВОЗИ ВНИМАТЕЛНО – ТИ СИ ОДГОВОРЕН !!
СЕКОЕ ДЕТЕ ЗАСЛУЖУВА ДА МУ СЕ РАДУВА НА ЖИВОТОТ !!!
HER COCUK HAYATTA SEVILMEYI HAK EDER!!!
DIKKATLI KULLAN SORUMLU SEN SIN!!


ТАБЕЛА 100




АМБУЛАНТА